

# Иван Блинков

**Година на раѓање:** 1961
**Степен на образование:** Д-р на шумарски науки, *(1998)*
**Работно искуство:** 35 години

**Релевантно искуство во областа:**
Иван Блинков е редовен професор на УКИМ – Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје. На разни циклуси предава дисциплини од научната област „земјиште и вода“: *Деградација на земјиштето и опустинување; Заштита од ерозија; Управување со води и ризици од природни непогоди; Рекултивација на копови, јаловишта и депонии; Шумска и урбана хидрологија; Хидрологија и хидраулика на порои; Планирање користење на земјиштето и др.*

Бил ментор на 3 докторанди, 6 магистранти, 55 дипломци, како и член на 6 комисии за одбрана на докторати на УКИМ – Градежен факултет Скопје и во Србија (Шумарски факултет – Бепград, Градежно – архитектонски факултет – Ниш). Учествувал на повеќе од 250 научни и стручни собири, а бил член и на 14 научни комитети и воведничар на четири меѓународни научни конференции. Покрај ова, бил поканет презентер на разни научни и стручни собири. Член е на научни одбори и рецезент во разни меѓународни научни списанија.

Автор/коавтор е на повеќе од 200 научни и научно-апликативни публикации, меѓу кои и во 5 меѓународни монографии, како и на повеќе од 300 презентации на разни собири. Раководител или учесник е во повеќе од 90 проекти (повеќето со меѓународни финансии), од разни области поврзани со матичната област: студии за заштита од ерозија и порои, студии за просторна хидрологија, студии за управување со ризици од природни непогоди, планови за управување со речен слив, просторни планови, национален план за борба со суша и опустинување, инженерски проекти и др.

Еден од најзначајните проекти на кој работел е „Карта на ерозијата, регион подложен на суши и опустинување во РСМ“ (GEF – UNEP, 2021). Значаен е и неговиот придонес за Скопје и регионот. За Скопскиот регион изработил повеќе проекти, а раководител е на тим за подготовка на проектите: „Студија за ерозија и акциски план за град Скопје“, „Анализа на функционалност на системот за заштита од ерозија и порои – Водно“, „Основен проект за биотехничко уредување на сливните подрачја на СЦГ“,

„Управување со ризици од природни непогоди – РИМАДИМА, работно подрачје Водно и Скопје“, „Просторен план на Скопски регион (Елаборат за шуми, зеленило и ерозија)“ и др.

Членува во разни работни групи и комисии, меѓу кои и работната група „Водно 2018“ формирана за подготовка на Програма за рекултивација и пошумување на Водно; Владина комисија за следење спроведување на Акцискиот план за Преспанско Езеро (2021 – во тек); Управен одбор на UNDP-GEF Small Grants. Членувал во експертскиот совет на Министерот за животна средина и просторно планирање (1999-2000 и 2008 – 2011). Бил учесник на првиот Светски самит на Alliance 21 (Alliance for a responsible, plural, and united world), World Citizens Assembly, Lille 2-10.XII 2001, France.

Член е на **Научниот совет на Истражувачкиот центар за животна средина и материјали** при **МАНУ** (Македонска академија на науките и уметностите) од 2014 година па наваму.

Член е на **Советот (Councilor) на WASWAC** (World Association for Soil and Water Conservation) 2017-2019 година и од 2020 година па наваму.

Добитник е на **Награда - научник на годината од областа на биотехничките науки на универзитетот „Св.Кирил и Методиј“,** Сертификат за покажаните врвни резултати во научноистражувачката дејност во 2017, УКИМ – 9.11.2018 год.